Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-269/1
03.03.2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-758 од 6.12.2024 година, поднесена од [redacted] во име на нивниот малолетен син за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-758 од 6.12.2024 година, поднесена од [redacted] во име на нивниот малолетен син **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 6.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] во име на нивниот малолетен син.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше конкретизирано против кого се поднесува претставката за заштита од дискриминација, не беше наведен дискриминаторскиот основ врз кој сметаат дека е извршена дискриминацијата, дополнително на што беше потребно да се наведат сите информации за фактите и околностите врз кои се темели претставката, на 20.12.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителите беа задолжени во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуредат претставката, во насока што ќе ги наведат физичките и правните лица против кои ја поднесуваат претставката, како и да го наведат дискриминаторскиот основ и сите информации за околностите и фактите врз кои се темели претставката.

Притоа, во однос на предметното барање за доуредување, истото беше уредно доставено на адресата на подносителите на 27.12.2024 година. Имајќи го во предвид претходно наведеното, подносителите на претставката не доставија доуредување на истата во предвидениот законски рок. Следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
27.2.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- [redacted]